# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РАДОВИШ

| Службен гласник на општина Радовиш Излегува по потреба | Вторник 04 Август 2020 година Број 10/2020 год. | Жиро сметка бр: 758014072063018 Даночен бр.: 4023005116486 |
| --- | --- | --- |


Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 и 55 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

## РЕШЕНИЕ
### За прогласување и објавување на Заклучокот за усвојување на Годишниот Извештај за работењето на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион за 2019 година

Го прогласувам и објавувам Заклучокот за усвојување Годишниот Извештај за работењето на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион за 2019 год., бр.08-912/1, што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на ден 30.07.2020 год.

Бр. 09-912/2
04 Август 2020 г.
Радовиш

Градоначалник
на општина Радовиш
Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на чл. 22 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а согласно чл.21 ст.1 т.31 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 30.07.2020 година, донесе

## ЗАКЛУЧОК
### За усвојување на Годишниот Извештај за работењето на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион за 2019 година

I. Се усвојува Годишниот Извештај за работењето на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион за 2019 година, бр. 03-308/1 од 17.07.2020 година и наш број 03-873/1 од 21.07.2020 год.

II. Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-912/1
30 Јули 2020 г.
Радовиш

Совет на општина Радовиш
Претседател
Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

## РЕШЕНИЕ
### За прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Квартален извештај-втори квартал од Буџетот на општина Радовиш за 2019 год.

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за усвојување на Квартален извештај втор квартал од Буџетот на општина Радовиш за 2020 година, број 08-913/1, што Советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 30.07.2020 година

Бр. 09-913/2
04 Август 2020 г.
Радовиш

Градоначалник
на општина Радовиш
Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на чл. 22 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а согласно чл.21 ст.1 т.19 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на ден 30.07.2020 г., донесе

## ОДЛУКА
### За усвојување на Квартален извештај-втор квартал од Буџетот на општина Радовиш за 2020 год.

I. Се усвојува Квартален извештај-втор квартал од Буџетот на општина Радовиш за 2020 година, број 05-201/7 од 06.07.2020 година.

II. Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Радовиш".

Бр. 08-913/1
30 Јули 2020 г.
Радовиш

Совет на општина Радовиш
Претседател
Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на

РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работа на ОНБ „Браќа Миладиновци„ Радовиш за 2019 год.

Го прогласувам и објавувам Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работа на ОНБ „Браќа Миладиновци„ Радовиш за 2019 год., бр. 08-914/1, што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на ден 30.07.2020 год.

Бр. 09-914/2 Градоначалник
04 Август 2020 г. на општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на чл. 22 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а согласно чл.21 ст.1 т.43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 30.07.2020 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
За усвојување на Годишниот извештај за работа на ОНБ „Браќа Миладиновци„ Радовиш за 2019 год.

Член 1
Се усвојува Годишниот извештај за работа на ОНБ „Браќа Миладиновци„ Радовиш за 2019 година, број 03-49/1 од 10.03.2020 год. наш број 12-312/24 од 10.03.2020 година.

Член 2
Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-914/1 Совет на општина Радовиш
30 Јули 2020 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работа на ОУ ЦК „Ацо Караманов„ Радовиш за 2019 год.

Го прогласувам и објавувам Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работа на ОУ ЦК „Ацо Караманов„ Радовиш за 2019 год., бр. 08-915/1, што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на ден 30.07.2020 год.

Бр. 09-915/2 Градоначалник
04 Август 2020 г. на општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на чл. 22 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а согласно чл.21 ст.1 т.43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 30.07.2020 год., донесе

ЗАКЛУЧОК
За усвојување на Годишниот извештај за работа на ОУ ЦК „Ацо Караманов„ Радовиш за 2019 год.

Член 1
Се усвојува Годишниот извештај за работа на ОУ ЦК „Ацо Караманов„ Радовиш за 2019 година број 03-25/2 од 09.03.2020 год. наш бр.08-492/13 од 19.03.2020 година.

Член 2
Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-915/1 Совет на општина Радовиш
30 Јули 2020 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за давање Согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки во ООУ "Никола Карев" Радовиш за учебната 2020/2021 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици комбинирани паралелки во ООУ "Никола Карев" Радовиш за учебната 2020/2021 година, бр. 08-916/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 30.07.2020 год.

Бр. 09-916/2 Градоначалник
04 Август 2020 г. на општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 8 од Законот за локална самоуправа, член 15 точка 8 од Статутот на општина Радовиш, а согласно член 53 став 5 и 8 од Законот за основно образование (Сл. весник на РСМ бр. 161/2019); Советот на општина Радовиш на седница одржана на 30.07.2020 година, донесе

ОДЛУКА
за давање Согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки во ООУ "Никола Карев" Радовиш за учебната 2020/2021 година

Член 1

Се дава Согласност за формирање на паралалки со помал број на ученици и комбинирани паралелки во ООУ "Никола Карев" Радовиш, за учебната 2020/2021 година и тоа:

**Во с.Раклиш**

-6 ученика од I до V одд. 2 комбинирана паралелка од кои:
I одд.-1; II одд.-2; IV одд.-1; V одд.-2;
вкупно 6 ученика;

**Во с.Прналија**

-18 ученик во две комбинирани паралелки од кои:
- I одд.-1; II одд.-4; III одд.-6 ученика;
вкупно 11 ученика;
-IV одд.-3; V одд.-4 ученика;
вкупно 7 ученика;

**Во с.Тополница**

-26 ученика од I до V одд.
2 комбинирани паралелки од кои:
-I одд.-5; II одд.-3; III одд.-7 ученика;
вкупно 15 ученика;
-IV одд.-5 ученика, и V одд.-6 ученика
вкупно 11 ученика;

**Во с.Бучим**

-44 ученика од I до V одд. 3 паралелки од кои 2 комбинирани:
-I одд.-6; II одд.-3 ученика;
вкупно 9 ученика;
-III одд.-12 ученика;
вкупно 12 ученика; (чиста паралелка)
-IV одд.-6, V одд.-17
вкупно 23 ученика;

**Во Радовиш**

-65 ученика за VI одд. во 4 паралелки со помал број на ученици;
-82 ученика во I одделение;

Член 2

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Радовиш", а ќе се применува по добиеното позитивно мислење од Министерството за образованиуе и наука, согласно член 53 став 6 и 9 од Законот за основно образование.

Бр. 08-916/1 Совет на општина Радовиш
30 Јули 2020 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Одлука за одобрување финансиски средства на ЈПССО „Радовиш-2014„ Радовиш за потрошена електрична енергија

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за одобрување финансиски средства на ЈПССО „Радовиш-2014„ Радовиш за исплата на фактури за потрошена електрична енергија, бр. 08-917/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 30.07.2020 год

Бр. 09-917/2 Градоначалник
04 Август 2020 г. на општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 30.07.2020 година, донесе

ОДЛУКА
за одобрување финансиски средства на ЈПССО „Радовиш-2014„ Радовиш за електрична енергија

Член 1

Се одобруваат финансиски средства на ЈПССО „Радовиш-2014„ Радовиш во износ од -13.456,00 со намена за потрошена електрича енергија за:
- месец 05/2020 година износ -6.731,00 денари;
- месец 06/2020 година износ -6.725,00 денари;
Барањето е составен дел на одлуката.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-917/1 Совет на општина Радовиш
30 Јули 2020 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ

За прогласување и објавување на Одлука за одобрување финансиски средства на ЈПССО „Радовиш-2014„ Радовиш за исплата на ф-ри за вода

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за одобрување финансиски средства на ЈПССО „Радовиш-2014„ Радовиш за исплата на ф-ри за вода, бр. 08-918/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 30.07.2020 год.

Бр. 09-918/2 Градоначалник
04 Август 2020 г. на општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 30.07.2020 година, донесе

ОДЛУКА

за одобрување финансиски средства на ЈПССО „Радовиш-2014„ Радовиш за исплата на ф-ри за вода

Член 1

Се одобруваат финансиски средства на ЈПССО „Радовиш-2014„ Радовиш во износ од 70.041,00 ден., со намена за исплата на ф-ри за вода за:
- месец 04/2020 година износ -13.580 денари;
- месец 05/2020 година износ -23.534 денари;
- месец 06/2020 година износ -32.927 денари;

Барањето е составен дел на одлуката.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-918/1 Совет на општина Радовиш
30 Јули 2020 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ

За прогласување и објавување на Одлука за категоризација на деловите од просторот и пропратните простории во состав на СРЦ „25 Мај„ во Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за категоризација на деловите од просторот и пропратните простории во состав на СРЦ „25 Мај„ во Радовиш, бр. 08-919/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 30.07.2020 год.

Бр. 09-919/2 Градоначалник
04 Август 2020 г. на општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 6 и став 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш (Сл.гласник на општина Радовиш бр. 5/2002), Советот на општина Радовиш на седницата одржана на 30.07.2020 год. донесе

ОДЛУКА

за категоризација на деловите од просторот и пропратните простории во склоп на Спортската сала СРЦ „25 Мај“ во Радовиш

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува намената и функциите на деловите од просторот и пропратните простории во склоп на Спортската сала „25 Мај“ во Радовиш согласно имотните листови, изготвениот елаборат за катен катастер и Одлуката на Владата на Република Северна Македонија бр. 45-7463/1 од 16.12.2019 год. за давање на трајно користење на недвижни ствари на општина Радовиш.

Просторот и пропратните простории во склоп на Спортската сала „25 Мај“ во Радовиш можат да ги користат сите граѓани, во согласност со одредбите на оваа Одлука.

Член 2

Просторот и пропратните простории во склоп на Спортската сала СРЦ „25 Мај“ во Радовиш се категоризираат по два основа :

1. Делови од простор и пропратни простории кои се во функција на спортот;

2. Простории кои не се во функција на спортот.

1.Делови од простор и пропратни простории во склоп на Спортската сала СРЦ „25 Мај“ во Радовиш кои се во функција на спортот

Член 3

Во деловите од простор и пропратни простории во склоп на Спортската сала СРЦ „25 Мај“ во Радовиш кои се во функција на спортот влегуваат :

- САЛИ, ТРИБИНИ, ГАРДЕРОБИ:

1. Голема сала, зграда 1, влез 3, кат-пр, со внатрешна површина од 1,113м$^2$;
2. Мала сала, зграда 1, влез 2, кат-пр, со внатрешна површина од 455м$^2$;
3. Трибини во голема сала, зграда 1, влез 5, кат 1, со вкупна внатрешна површина од 511м$^2$;
4. Трибини во мала сала, зграда 1, влез 2, кат 1, со вкупна внатрешна површина од 65м$^2$;
5. Гардероби – голема сала 4 бр. со ве-це 4 бр. и тушеви бр. , помошни простории, ходници, скали, зграда 1, влез 3, кат-пр, со реден бр. 5, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21 со вкупна внатрешна површина 369 м$^2$;
6. Гардероби - мала сала 2 бр. со ве-це 2 бр. и тушеви 2 бр., сауна, помошни простории, ходници, зграда 1, влез 2, кат-пр. со ред бр. 5, 6, 7, 8, 9, 11 и 13 со вкупна површина 133 м$^2$;

- ПРОСТОРИИ ВО ВЛЕЗ 1:

7. Просторија со ред.бр.10, зграда 1, влез 1, кат-пр, со внатрешна површина од 13.94м$^2$ – наменета за користење на официјални лица на натпревари (судии, делегати и сл.) ;
8. Просторија со ред.бр.11, зграда 1, влез 1, кат-пр, со внатрешна површина од 13.14м$^2$ – наменета за потреби на вработен технички персонал (евидентичари, и сл.) и за продавање на билети на организирани настани;
9. Просторија со ред.бр.13, зграда 1, влез 1, кат-пр, со внатрешна површина од 18.59м$^2$ – наменета за потреби на спортски реквизити со редовни активности во СРЦ;
10. Просторија со ред.бр.14, зграда 1, влез 1, кат-пр, со внатрешна површина од 27.93м$^2$ – наменета за потреби на спортски клуб со редовни активности во СРЦ;
11. Просторија со ред.бр.15, зграда 1, влез 1, кат-пр, со внатрешна површина од 28.20м$^2$ – наменета за потреби на спортски клуб со редовни активности во СРЦ;
12. Просторија со ред.бр.16, зграда 1, влез 1, кат-пр, со внатрешна површина од 55.86м$^2$ – наменета за потреби на спортски клуб со редовни активности во СРЦ;
13. Просторија со ред.бр.24, зграда 1, влез 1, кат-пр, со внатрешна површина од 8.91м$^2$ – наменета за магацински потреби на редовни активности во СРЦ;

- ПРОСТОРИИ ВО ВЛЕЗ 2:

14. Простории со ред.бр.1 и 2, зграда 1, влез 2, кат-пр, со вкупна внатрешна површина од 8.63м$^2$ – наменети за потреби на домаќин на индивидуални спортови кои ја користат малата сала за редовни активности во СРЦ;
15. Просторија со ред.бр.3, зграда 1, влез 2, кат-пр, со внатрешна површина од 5.43м$^2$ – наменета за магацински потреби на редовни активности во мала сала во СРЦ;
16. Просторија со ред.бр.4, зграда 1, влез 2, кат-пр, со внатрешна површина од 12.11м$^2$ – наменета за потреби на спортски клуб од индивидуален спорт со редовни активности во мала сала во СРЦ;
17. Простории со ред.бр.5, 6 и 8, зграда 1, влез 2, кат-пр, со вкупна внатрешна површина од 17.19м$^2$ – наменети за пресоблекување (гардероби) на гостински спортски клуб во индивидуални спортови при натпреварување во мала сала во СРЦ;
18. Простории со ред.бр.11, 7, 9 и 13 зграда 1, влез 2, кат-пр, со вкупна внатрешна површина од 28.43м$^2$ – наменети за пресоблекување (гардероби) на членови на спортски клуб во индивидуални спортови со редовни активности во мала сала во СРЦ;

- ПРОСТОРИИ ВО ВЛЕЗ 3:

19. Просторија со ред.бр.4 и 6, зграда 1, влез 3, кат-пр, со вкупна внатрешна површина од 8.78м$^2$ – наменета за потреби на вработен технички персонал (евидентичари,хигиеничари и сл.) и за продавање на билети на организирани настани;
20. Просторија со ред.бр.3, зграда 1, влез 3, кат-пр, со внатрешна површина од 5.3м$^2$ – наменета за спортски реквизити и други магацински потреби на редовни активности во СРЦ;
21. Простории со ред.бр.5,7,9 и 10, зграда 1, влез 3, кат-пр, со вкупна внатрешна површина од 46.43м$^2$ – наменети за пресоблекување (гардероби) на домашен спортски клуб во редовни активности и при натпреварување во голема сала во СРЦ;
22. Простории со ред.бр.13,8,11 и 12, зграда 1, влез 3, кат-пр, со вкупна внатрешна површина од 37.13м$^2$ – наменети за пресоблекување (гардероби) на домашен спортски клуб во редовни активности и при натпреварување во голема сала во СРЦ;
23. Простории со ред.бр.14,16,15 и 18, зграда 1, влез 3, кат-пр, со вкупна внатрешна површина од 37.19м$^2$ – наменети за пресоблекување (гардероби) на гостински спортски клуб во редовни активности и при натпреварување во голема сала во СРЦ;
24. Простории со ред.бр.21, 17, 19 и 20, зграда 1, влез 3, кат-пр, со вкупна внатрешна површина од

46.81м$^2$ – наменети за пресоблекување (гардероби) на гостински спортски клуб во редовни активности и при натпреварување во голема сала во СРЦ;

25. Просторија со ред.бр.24, зграда 1, влез 3, кат-пр, со внатрешна површина од 4.96м$^2$ , ред.бр. 23 со внатрешна површина од 6.22м$^2$ и ред. бр. 22, со внатрешна површина од 6.22м$^2$ – наменети за пресоблекување (гардероби) и тоалети на спортски клуб или здружение во индивидуални спортови од областа на бодибилдингот, фитнесот, јога и сл со редовни активности во просторија бр.3, влез 4 или во мала сала во СРЦ;

- ПРОСТОРИИ ВО ВЛЕЗ 4:

26. Просторија со ред.бр.3 со внатрешна површина од 114.19м$^2$ зграда 1, влез 4, кат-пр, наменети за редовни активности на членови на спортски клуб или здружение во индивидуални спортови од областа на бодибилдингот, фитнесот, јога и сл.;

- ПРОСТОРИИ ВО ВЛЕЗ 5:

27. Просторија со ред.бр.10, зграда 1, влез 5, кат 1, со внатрешна површина од 124.25м$^2$ – наменета за потреби на спортски клуб со редовни активности во СРЦ „25 Мај“;

28. Просторија со ред.бр.13, зграда 1, влез 5, кат 1, со вкупна внатрешна површина од 26.90м$^2$ , пропратна просторија со ред.бр.12, со вкупна внатрешна површина од 13.93м$^2$ и просторија со ред.бр.11, со вкупна внатрешна површина од 8.50м$^2$ – наменети за пресоблекување (гардероби), тоалети и туш кабина на спортски клубови со редовни активности во простории со ред.бр.10 и ред.бр. 14;

29. Просторија со ред.бр.14 зграда 1, влез 5, кат 1, со внатрешна површина од 13м$^2$ – наменета за потреби на спортски клуб од индивидуални спортови со редовни активности во СРЦ „25 Мај“;

30. Простории со ред.бр.2, ред.бр.6 и ред.бр.8, зграда 1, влез 5, кат 1 – машки и женски тоалети со вкупна внатрешна површина од 47.97м$^2$ – наменети за потребите на присутна публика за време на настани во голема сала на СРЦ „25 Мај“;

31. Простории со ред.бр.15, ред.бр.16 и ред.бр.17, зграда 1, влез 5, кат 1 – со вкупна внатрешна површина од 40.83м$^2$ – наменети за потребите на снимање, озвучување, контролирање на семафор и др. на настани во голема сала на СРЦ „25 Мај“;

32. Просторија со ред.бр.1 зграда 1, влез 5, кат 2., со внатрешна површина од 35.56м$^2$ – наменета за потреби на спортски клуб од индивидуални спортови со редовни активности во СРЦ „25 Мај“;

33. Просторија со ред.бр.4 зграда 1, влез 5, кат 2, со внатрешна површина од 35.56м$^2$ – наменета за потреби на спортски клуб од индивидуални спортови со редовни активности во СРЦ „25 Мај“;

- ОСТАНАТИ ПРОСТОРИИ

34. Просторија со ред.бр.1 зграда 1, влез 1, кат-пр., со внатрешна површина од 293.41м$^2$ – наменета за потреби на спортски клуб од индивидуални спортови со редовни активности во СРЦ „25 Мај“;

Член 4

Деловите од простор и пропратни простории во склоп на Спортската сала СРЦ „25 Мај“ во Радовиш кои се во функција на спортот, ке бидат регулирани и издавани по донесувањето на Тарифник за користење на термини и простории, каде ќе бидат точно утврдени цените за користењето на слободните термини, цената на метар квадратен во просториите и начинот на нивно издавање и користење.

Член 5

Со сите корисници на термини и простории, ќе биде склучен договор, по претходно пријавен интерес, доставено Барање и постапка за издавање под закуп. Во договорот ќе биде утврдена вистинската намена на термините, просторијата, времетраењето како и точниот износ за закуп утврден врз основа на површината на самата просторија.

2.Простории во склоп на Спортската сала СРЦ „25 Мај“ во Радовиш кои не се во функција на спортот

Член 6

Во Просториите во склоп на Спортската сала „25 Мај“ во Радовиш кои не се во функција на спортот а согласно изготвениот елаборат за катен катастер, влегуваат:

1.Просторија со ред.бр.1, зграда 1, влез 1, кат-пр, со внатрешна површина од 31.66м$^2$ – наменета за категории со посебни потреби (спортски инвалиди, телесни инвалиди, трудови инвалиди и сл.)

2. Просторија со ред.бр.3, зграда 1, влез 1, кат-пр, со внатрешна површина од 18м$^2$ – наменета за потреби на здруженија на граѓани, сојузи и сл.;

3. Просторија со ред.бр.7 со пропратни протстории бр.6, бр. 8 (тоалет) и бр.9 (ходник), зграда 1, влез 1, кат-пр, со вкупна внатрешна површина од 39.03м$^2$ – наменета за категории со посебни потреби (спортски инвалиди, телесни инвалиди, трудови инвалиди и сл.)

4. Просторија со ред.бр. 1, зграда 1, влез 2, кат-по, со внатрешна површина од 129.01м$^2$ – наменета за магацински потреби на трговски друштва, здруженија, сојузи и сл.

5. Просторија со ред.бр.4, зграда 1, влез 5, кат 1, со внатрешна површина од 25.93м$^2$ – наменета за потреби на раководни служби (Директор, секретар, раководител, управен одбор, надзорен одбор);

6. Просторија со ред.бр.5, зграда 1, влез 5, кат 1, со внатрешна површина од 25.93м$^2$ – наменета за

потреби на останати вработени служби (евидентичари, благајник, спортски работници и сл.);
7. Просторија со ред.бр.3, зграда 1, влез 5, кат 1, со внатрешна површина од 55.07м$^2$ – наменета за потреби на спортски сојузи или здруженија, трговски друштва со поддејност спорт или времени спортски активности, за одржување на прес конференции и сл.;
8. Просторија со ред.бр.8, зграда 1, влез 6, кат 1, со внатрешна површина од 39.14м$^2$ – наменета за потреби на здруженија на граѓани, невладини организации, трговски друштва со хуманитарни дејности и сл.;
9. Простории со ред.бр.1, 2 и 3 зграда 1, влез 6, кат 1, со вкупна внатрешна површина од 42.61м$^2$, како и со ред. бр.4 и 6 со вкупна внатрешна површина од 5.24м$^2$ – наменети за потреби на државни или локални институции, установи, трговски друштва и сл.;
10. Простории со ред.бр.5 и 7 зграда 1, влез 6, кат 1, со вкупна внатрешна површина од 5.27м$^2$ – тоалети, наменети за потреби на корисници на простории со ред.бр. 1,2 и 8;
11. Простории со ред.бр.1, 2, 3, 4 и 5 зграда 1, влез 2, кат 1, со вкупна внатрешна површина од 99.95м$^2$ – наменети за потреби на државни, регионални или локални трговски друштва, институции и установи и др.;

Член 7

Просториите во склоп на Спортската сала СРЦ „25 Мај“ во Радовиш кои не се во функција на спортот, ке бидат регулирани и издавани по донесувањето на Тарифник за користење на простории, каде ќе бидат точно утврдени цената на метар квадратен во просториите и начинот на нивно издавање и користење.

Член 8

Со сите корисници на простории, ќе биде склучен договор, по претходно спроведена постапка за издавање под закуп. Во договорот ќе биде утврдена вистинската намена на просторијата, времетраењето како и точниот износ за закуп утврден врз основа на површината на самата просторија.

Еден корисник не може да користи повеќе од една просторија.

IV. Надзор и завршни одредби

Член 9

Надзор на примената на одредбите од оваа Одлука вршат службените лица во ЕЛС - општина Радовиш.

При вршењето на надзорот корисникот е должен да овозможи непречено спроведување на истиот како и увид во документацијата.

Член 10

Измени и дополнувања на оваа Одлука можат да се вршат на начин пропишан како и за нејзиното донесување.

Член 11

Оваа Одлука стапува на сила наредниот ден од денот на нејзното објавување во ,,Службен гласник на општина Радовиш,,.

| | |
|---|---|
| Бр. 08-919/1 | Совет на општина Радовиш |
| 30 Јули 2020 г. | Претседател |
| Радовиш | Коле Чаракчиев с.р. |

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

## РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Одлуката за прифаќање на Иницијативата за воспоставување меѓуопштинска соработка за решавање на проблемот со бездомните животни

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за прифаќање на Иницијативата за воспоставување меѓуопштинска соработка за решавање на проблемот со бездомните животни, бр. 08-920/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 30.07.2020 год.

| | |
|---|---|
| Бр. 09-920/2 | Градоначалник |
| 04 Август 2020 г. | на општина Радовиш |
| Радовиш | Герасим Конзулов с.р. |

Врз основа на член 14 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 79/2009), член 5 од Законот за меѓуопштинска соработка (Сл.весник на РМ бр. 79/2009), а согласно член 12 став 2 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на ден 30.07.2020 година, донесе

## О Д Л У К А
за прифаќање на Иницијативата за воспоставување меѓуопштинска соработка за решавање на проблемот со бездомните животни

Член 1

Советот на општина Радовиш ја прифаќа Иницијативата преку Центарот за развој на југоисточниот плански регион за воспоставување меѓуопштинска соработка на сите десет општини за решавање на проблемот со бездомните животни.

Член 2

Со прифаќањето на ова иницијатива советите на општината ќе именува по два члена во заедничката комисија за подготовка на предлог-акти за основање или формирање облици преку кои ќе се остварува заедничката соработка.

Член 3

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-920/1 Совет на општина Радовиш
30 Јули 2020 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

## РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за одобрување на финасиски средства за реализација на програмата за одбележување на празникот „Св. Спасо Радовишки„ во Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за одобрување финансиски средства за санација на домовите за реализација на програмата за одбележување на празникот „Св. Спасо Радовишки„ во Радовиш, бр. 08-921/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 30.07.2020 год.

Бр. 09-921/2 Градоначалник
04 Август 2020 г. на општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 30.07.2020 година, донесе

## ОДЛУКА
за одобрување финансиски средства реализација на Програмата за одбележување на празникот „Св. Спасо Радовишки„ во Радовиш

Член 1

Се одобруваат финансиски средства во висина од 120.000 денари за реализација на Програмата за одбележување на празникот „Св. Спасо Радовишки„ во Радовиш.

Програмата е на организаторот Македонска православна црква Брегалничка епархија-Храм „Св.Троица„ Радовиш.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-921/1 Совет на општина Радовиш
30 Јули 2020 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

## РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за одобрување на финасиски средства на Стојка Златева од Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за одобрување финансиски средства на Стојка Златева од Радовиш, бр. 08-922/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 30.07.2020 год.

Бр. 09-922/2 Градоначалник
04 Август 2020 г. на општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 30.07.2020 година, донесе

## ОДЛУКА
за одобрување финансиски средства на Одлуката за одобрување на финасиски средства на Стојка Златева од Радовиш

Член 1

Се одобруваат финансиски средства во висина од од 15.000 денари на Стојка Златева од Радовиш за здрвавствени потреби.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-922/1 Совет на општина Радовиш
30 Јули 2020 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за одобрување на финасиски
средства на Дестан Дестанов од Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за одобрување финансиски средства на Дестан Дестанов од Радовиш, бр. 08-923/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 30.07.2020 год.

| | |
|---|---|
| Бр. 09-923/2 | Градоначалник |
| 04 Август 2020 г. | на општина Радовиш |
| Радовиш | Герасим Конзулов с.р. |

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 30.07.2020 година, донесе

ОДЛУКА
за одобрување финансиски средства
на Одлуката за одобрување на финасиски
средства на Дестан Дестанов од Радовиш

Член 1
Се одобруваат финансиски средства во висина од од 20.000 денари на Дестан Дестанов од Радовиш за здрвавствени потреби.

Член 2
Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш„.

| | |
|---|---|
| Бр. 08-923/1 | Совет на општина Радовиш |
| 30 Јули 2020 г. | Претседател |
| Радовиш | Коле Чаракчиев с.р. |

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за одобрување на финасиски
средства на Мицевска Каменитка од Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за одобрување финансиски средства на Мицевска Каменитка од Радовиш, бр. 08-924/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 30.07.2020 год.

| | |
|---|---|
| Бр. 09-924/2 | Градоначалник |
| 04 Август 2020 г. | на општина Радовиш |
| Радовиш | Герасим Конзулов с.р. |

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 30.07.2020 година, донесе

ОДЛУКА
за одобрување финансиски средства
на Одлуката за одобрување на финасиски
средства на Мицевска Каменитка од Радовиш

Член 1
Се одобруваат финансиски средства во висина од од 15.000 денари на Мицевска Каменитка од Радовиш за здрвавствени потреби.

Член 2
Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш„.

| | |
|---|---|
| Бр. 08-924/1 | Совет на општина Радовиш |
| 30 Јули 2020 г. | Претседател |
| Радовиш | Коле Чаракчиев с.р. |

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Одлука за распишување оглас за распределба на линии за вршење линиски превоз на патници во општина Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за распишување оглас за распределба на линии за вршење линиски превоз на патници во општина Радовиш, број 08925/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 30.07.2020 год.

| | |
|---|---|
| Бр. 09-925/2 | Градоначалник |
| 04 Август 2020 г. | на општина Радовиш |
| Радовиш | Герасим Конзулов с.р. |

Врз основа на чл. 19 и 22 од Законот за превоз во патниот сообраќај (Службен весник на РМ бр. 68/04, ----- и 163/18), член 7 од Одлуката за општински линиски превоз на патници во општина Радовиш број 07-1187/1 од 11.06.2014 година и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на ден 30.07.2020 година, донесе

ОДЛУКА
За распишување оглас за распределба на линии за вршење линиски превоз на патници во општина Радовиш

Член 1

Се распишува оглас за распределба на линии за вршење општински линиски превоз на патници во општина Радовиш и тоа за следната линија:

-с.Воиславци -Радовиш и обратно;

Член 2

Огласот трае 8 (осум) дена и се објавува во средства за јавно информирање,три месеци пред завршувањето на времетраењето на претходно доделените линии.

Дозволата за вршење линиски превоз на патници и возниот ред се издаваат со рок на важење од 5 (пет) години.

Член 3

Постапката за распишување на огласот за доделување на линии за вршење општински превоз на патници ќе го спроведе Комисијата за јавна безбедност, безбедност во сообраќајот и противпожарна заштита при Советот на општина Радовиш, која дава предлог до Советот на општина Радовиш.

Член 4

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-925/1 Совет на општина Радовиш
30 Јули 2020 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Заклучокот за Комисијата за елементарни непогоди формирана од Советот на општина Радовиш

Го прогласувам и објавувам Заклучокот за Комисијата за елементарни непогоди формирана од Советот на општина Радовиш, број 08-925/1, што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на ден 30.07.2020 год.

Бр. 09-926/2 Градоначалник
04 Август 2020 г. на општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на чл. 36 ст.1 т.2 и чл.50 ст.1 од Законот за локална самоуправа, чл. 21 ст. 1 т. 4 и чл. 43 ст.1 т.4 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 30.07.2020 год., донесе

ЗАКЛУЧОК

I. Комисијата за елементарни непогоди формирана од Советот на општина Радовиш да достави Извештај од излеглегување на терен за утврдување штета настаната од невремето на 05 јули 2020 година кое ги зафати селата Сулдурци, Воиславци и Ињево.

II. Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Радовиш".

Бр. 08-926/1 Совет на општина Радовиш
30 Јули 2020 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Одлуката за формирање Комисија која ќе излезе на терен за утврдување на фактичката состојба со објектите кои треба да се легализираат во селата Али Коч и Калузлија

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за формирање Комисија која ќе излезе на терен за утврдување на фактичката состојба со објектите кои треба да се легализираат во селата Али Коч и Калузлија, број 08-927/1, што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на ден 30.07.2020 год.

Бр. 09-927/2 Градоначалник
04 Август 2020 г. на општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на чл. чл.21 ст.1 т.43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на

општина Радовиш на седница одржана на 30.07.2020 год., донесе

ОДЛУКА
За формирање Комисија која ќе излезе на терен за утврдување на фактичката состојба со објектите кои треба да се легализираат во селата Али Коч и Калузлија

Член 1
Се формира Комисија која ќе излезе на терен за утврдување на фактичката состојба со објектите кои треба да се легализираат во селата Али Коч и Калузлија.

Комисијата е во состав:

1.Кирчо Сусинов-раководител на сектор урбанизам во ЕЛС Радовиш;

2.Игор Петков- член на Советот на општина Радовиш;

3.Бојан Митевски-член на Советот на општина Радовиш;

4.Ристе Спасов-член на Советот на општина Радовиш;

5.Сулиман Јашар-член на Советот на општина Радовиш;

Член 2
Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Радовиш".

Бр. 08-927/1 Совет на општина Радовиш
30 Јули 2020 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Заклучокот за прифаќање на Извештаите на работните тела на Советот во општина Радовиш

Го прогласувам и објавувам Заклучокот за прифаќање на Извештаите на работните тела на советот на општина Радовиш бр. 08-928/1, што Советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 30.07.2020 година.

Бр. 09-928/2 Градоначалник
04 Август 2020 г. на општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на чл. 21 ст. 1 т. 43 од Статутот на општина Радовиш (Сл.гласник на општина Радовиш бр. 5/02), Советот на општина Радовиш на седница одржана на 30 07.2020 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
За прифаќање на Извештаите на Работните тела на Советот на општина Радовиш

I. Се прифаќаат Извештаите на работните тела приложени на седница на Советот на општина Радовиш одржана на ден на **30.07.2020** година и тоа:

-Комисија за здравство и социјална заштита, 21-та седница одржана на 28.07.2020 година;

II. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-928/1 Совет на општина Радовиш
30 Јули 2020 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

СОДРЖИНА :

РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Заклучокот за усвојување на Годишниот Извештај за работењето на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион за 2019 год.--- 1

ЗАКЛУЧОК За усвојување на Годишниот Извештај за работењето на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион за 2019 год. -- 1

РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Квартален извештај-втори квартал од Буџетот на општина Радовиш за 2019 год. ------------------------------------------------ 1
ОДЛУКА За усвојување на Квартален извештај-втор квартал од Буџетот на општина Радовиш за 2020 год. ---------------------------------------------------- 1
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работа на ОНБ „Браќа Миладиновци„ Радовиш за 2019 год. -------------- 2
ЗАКЛУЧОК За усвојување на Годишниот извештај за работа на ОНБ „Браќа Миладиновци„ Радовиш за 2019 год. -------------- 2
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работа на ОУ ЦК „Ацо Караманов„ Радовиш за 2019 год. ------------------------------------ 2
ЗАКЛУЧОК За усвојување на Годишниот извештај за работа на ОУ ЦК „Ацо Караманов„ Радовиш за 2019 год. ------------------------------------ 2
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за давање Согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки во ООУ "Никола Карев" Радовиш за учебната 2020/2021 година -- 2
ОДЛУКА за давање Согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки во ООУ "Никола Карев" Радовиш за учебната 2020/2021 година -- 3
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлука за одобрување финансиски средства на ЈПССО „Радовиш-2014„ Радовиш за потрошена електрична енергија ------------------------------------ 3
ОДЛУКА за одобрување финансиски средства на ЈПССО „Радовиш-2014„ Радовиш за електрична енергија ------------------------------------ 3
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлука за одобрување финансиски средства на ЈПССО „Радовиш-2014„ Радовиш за исплата на ф-ри за вода -------------------------------------------- 4
ОДЛУКА за одобрување финансиски средства на ЈПССО „Радовиш-2014„ Радовиш за исплата на ф-ри за вода ------------------------------------------ 4
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлука за категоризација на деловите од просторот и пропратните простории во состав на СРЦ „25 Мај„ во Радовиш ------------------------ 4
ОДЛУКА за категоризација на деловите од просторот и пропратните простории во состав на СРЦ „25 Мај„ во Радовиш ------------------------ 4
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за прифаќање на Иницијативата за воспоставување меѓуопштинска соработка за решавање на проблемот со бездомните животни ------------------------------------------- 7
ОДЛУКА за прифаќање на Иницијативата за воспоставување меѓуопштинска соработка за решавање на проблемот со бездомните животни --------------------------------------------------- 7
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за одобрување на финасиски средства за реализација на програмата за одбележување на празникот „Св. Спасо Радовишки„ во Радовиш ---------------------------------------------------- 8
ОДЛУКА за одобрување финансиски средства реализација на Програмата за одбележување на празникот „Св. Спасо Радовишки„ во Радовиш ---------------------------------------------------- 8
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за одобрување на финасиски средства на Стојка Златева од Радовиш ---------------------- 8
ОДЛУКА за одобрување финансиски средства на Одлуката за одобрување на финасиски средства на Стојка Златева од Радовиш ---------- 8
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за одобрување на финасиски средства на Дестан Дестанов од Радовиш -------------------- 9
ОДЛУКА за одобрување финансиски средства на Одлуката за одобрување на финасиски средства на Дестан Дестанов од Радовиш -------- 9
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за одобрување на финасиски средства на Мицевска Каменитка од Радовиш -------------- 9
ОДЛУКА за одобрување финансиски средства на Одлуката за одобрување на финасиски средства на Мицевска Каменитка од Радовиш -- 9
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлука за распишување оглас за распределба на линии за вршење линиски превоз на патници во општина Радовиш -------------------------------------- 9
ОДЛУКА За распишување оглас за распределба на линии за вршење линиски превоз на патници во општина Радовиш -------------------------------- 10
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Заклучокот за Комисијата за елементарни непогоди формирана од Советот на општина Радовиш ------------------------------------------------- 10
ЗАКЛУЧОК ------------------------------------------ 10
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за формирање Комисија која ќе излезе на терен за утврдување на фактичката состојба со објектите кои треба да се легализираат во селата Али Коч и Калузлија ----------------------- 10
ОДЛУКА За формирање Комисија која ќе излезе на терен за утврдување на фактичката состојба со објектите кои треба да се легализираат во селата Али Коч и Калузлија - 11
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Заклучокот за прифаќање на Извештаите на работните тела на Советот во општина Радовиш------------------------------------------------- 11
ЗАКЛУЧОК За прифаќање на Извештаите на Работните тела на Советот на општина Радовиш ----------------------------------------------- 11